**20140591808**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 79 точка 4 од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/12 и 164/13), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОВИТЕ И ТИПОВИТЕ НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ И ДРУГИТЕ СРЕДСТВА ЗА ПРИСИЛБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА КОИ ВРШАТ ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, БРОЈОТ НА ЧАСОВИ ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА ГАЃАЊЕ СО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА НАЛОГОТ ЗА НОСЕЊЕ НА ОРУЖЈЕ

Член 1

Во Правилникот за видовите и типовите на огнено оружје и другите средства за присилба за потребите на правните лица кои вршат приватно обезбедување, бројот на часови за оспособување за гаѓање со огнено оружје и формата и содржината на налогот за носење на оружје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/13 и 6/14), во член 6 во ставот 2 по зборовите „одговорното лице“ се става запирка и се додаваат зборовите „за печат“.

Член 2

Образецот број 1 се заменува со нов образец број 1 кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 12.1-22385/1 | Министер |
| 20 март 2014 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р. |

Прилог

предна страна

број ________
датум _______

**НАЛОГ ЗА НОСЕЊЕ НА ОРУЖЈЕ**

**Правно лице** ______________________________
со седиште ______________________________
го издава налогот за носење на оружје на
работникот за обезбедување

______________________________
(име и презиме)
со дозвола за носење службено оружје
број ______________ издадена од
______________
со легитимација за приватно обезбедување број __________
издадена од Комора на Република Македонија за приватно обезбедување

**да го носи оружјето што го поседува правното лице**
со дозвола за поседување оружје број ______________

- категорија ______________
- марка ______________
- модел ______________
- калибар ______________
- фабрички број ______________

**Место на носење на оружјето** :
______________________________
______________________________
______________________________

**Налогот важи од** __________

______________ М.П.
______________

Одговорно лице Работник за приватно обезбедување

## задна страна

Работникот за приватно обезбедување е должен да го носи налогот за носење на оружје и дозволата за носење на оружје.

Работникот за приватно обезбедување е должен оружјето да го носи и користи согласно Законот за приватно обезбедување, Законот за оружјето, како и подзаконските прописи што ја регулираат оваа материја.

За непочитување на одредбите од законските и подзаконските прописи, работникот одговара кривично, прекршочно, материјално и дисциплински за сторените повреди.

Работникот е должен да побара дополнителна обука и оспособување, доколку смета дека му е неопходно потребно за правилно носење и ракување, како и употреба на оружјето.

Одговорното лице во правното лице е должно, по писмено барање на работникот да му овозможи таква обука, а дури потоа да му издаде налог на работникот и да го задолжи со таков вид на оружје.